**НАЦРТ**

Врз основа на член 33 став 3 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ____________ година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Член 1

Со оваа одлука се утврдува Националната класификација на културното наследство, со стандардни називи и шифри на културното наследство по класи, видови, групи, подгрупи, типови и поттипови.

Националната класификација на културното наследство е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Измени и дополнувања на Националната класификација на културното наследство, по правило може да се вршат до крајот на октомври во тековната за наредната година.

Член 3

Описите на типовите и поттиповите ги утврдува и публикува Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр._________
______ година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
*д-р Владо Бучковски*